Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Shoqëria Aksionare e Menaxhimit të Hapësirave Afariste në Pronësi Shtetërore
Бр.-Nr. 05-2746/14
22-12-2021 год.-vite.
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 114 став 1 алинеја 4 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.24/2019 член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по оглас за доделување на Договор за јавна набавка бр.**20441/2021** Директорот на Друштвото донесе:

# О Д Л У К А
## за поништување на постапката за доделување на договор на јавна набавка бр.20441/2021 за Набавка на електрична енергија

**СЕ ПОНИШТУВА** постапката за доделување на договор за јавна набавка со примена на поедноставена отворена постапка со електронска аукција за Набавка на електрична енергија согласно член 114 став 1 алинеја 4 од ЗЈН (понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните цени на пазарот).

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесување на одлуката да ги извести учесниците во постапката за Одлуката за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка за причините за поништување на постапката и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Одлуката стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

По извршената евалуација на единствената пристигната понуда од ДОО Футуре Енерџи Трајдинг Енд Ексчајнџ Динамикс -Косово-Подружница Футуре Енерџи Трајдинг Енд Ексчајнџ Динамикс во Македонија,Скопје врз основа на проверка на финансиската понуда во поглед на цената за Набавка на електрична енергија по оглас за јн.бр.**20441/2021** од Комисијата за јавни набавки е констатирано следново:

Понудата е неприфатлива бидејки согласно член 114 став 1 алинеја 4 од ЗЈН понудената цена не е во согласност и е понеповолна од реалната цена на пазарот, имајќи во предвид дека се работи за снабдување со електрична енергија на годишно ниво, а претпоставените цени на HUPX берзата за вториот, третиот и четвртиот квартал во 2022 година се далеку пониски од понудената цена, поради што следуваше Комисијата за јавни набавки да не ја прифати доставената понуда.

Врз основа на погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука, согласно член 114 став 1 алинеја 4 од ЗЈН.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од **пет** дена од денот на приемот на одлуката за поништување на постапката до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се изјавува до Државна комисија за жалби во електронска форма, а се доставува истовремено до Државна комисија и до договорниот орган преку ЕСЈН.

**Генерален Директор**
**Sheval Ceku**

**Доставено до:**
Сектор за економско-финансиски работи и информатика
Сектор за стопанисување со деловен простор
Комисија за јавни набавки – Кире Бузлиев
Архива

Изготвил: Анета Тодоровска
Одобрил: Кирил Ѓорѓов